РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-152/2
17.01.2023 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR I ADMINISTRATIVE

| Примено: | 24-01-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | | | Вредност |
| 03-56/1 | | | |

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

До
Државен управен инспекторат
Ул. Даме Груев бр.5 кат 1
1000 Скопје

Предмет: **Препраќање на барањето**

Почитувани,

Државната комисија за спречување на корупцијата до Државниот управен инспекторат достави допис насловен *„Доставување предмет на надлежно постапување"*.

Од страна на Државниот управен инспекторат до Државната комисија за спречување на корупцијата со Известување бр. Ип1 бр. 09-1386 од 12.12.2022 година, известени сме дека е извршен надзор согласно нашето барање за што е составен записник за утврдената фактичка состојба.

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-152/1 од 10.01.2023 година, поднесено од [redacted] во прилог Ви го препраќаме Барањето за пристап до информации од јавен карактер за натамошно постапување по однос на доставеното барање: *„Записник од Државниот управен инспекторат за спроведен вонреден инспекциски надзор во Управата за животна средина – постапување по ваш предмет 12-8655 од 16.12.2022 година"*, поради фактот дека Државната комисија за спречување на корупцијата не е имател на бараната информација односно не располага со записникот за извршен надзор, а според содржината на барањето се утврди дека Вашата институција е надлежна за горенаведеното барање согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Ви благодариме на разбирањето.
Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
Согласен:

Прилог:
- Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-152/1 од 10.01.2023 г. (копија).

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-56/1 од 24.01.2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за притап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-56/1 од 24.01.2023 година, СЕ УВАЖУВА.

### *Образложение*

До Државниот управен инспекторат од Државната комисија за спречување на корупцијата со допис Препраќање на барање бр. 03-152/2 од 17.01.2023 година, препратено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-56/1 од 24.01.2023 година. По разгледување на истото утврдено е дека се бара Записник по поднесена иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.09-1386 од 30.11.2022 и од дополнителен Записник од 16.12.2022 година и истите се доставуваат во прилог на ова решение.

Бидејќи бараните информации се информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-56/2 на 03.02.2023 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска

Прилог:

- Записник Ип1 09-1386 од 30.11.2022 година
- Записник Ип1 09-1386 од 16.12.2022 година


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 5, кат 1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk